Согласно член 31 став 2 точка 2 од Изборниот законик ( Службен весник на Република Македонија бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13 и 14/14), а во врска со примената на член 50-а став 6 од Изборниот законик, Државната изборна комисија на седницата одржана на 06.03.2014 година , донесе

# УПАТСТВО
## за примена на член 50-а став 6 од Изборниот законик

### Член 50-а став 6

***„(6) Барањето за запишување, дополнување или бришење на податоци во посебните изводи од Избирачкиот список за време на јавниот увид, државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство можат да го поднесат по електронска пошта преку ДКП, односно конзуларните канцеларии до Државната изборна комисија или до Државната изборна комисија„.***

1. Барањето за запишување, дополнување или бришење на **податоци во посебните изводи** од Избирачкиот список наведено во член 50-а став 6 од Изборниот законик, кое државјаните на Република Македонија кои се наоѓаат на привремена работа или престој во странство го поднесуваат за време на јавниот увид , **да се смета како барање за запишување во единствениот Избирачки список** за оние државјани на Република Македонија кои не се запишани во Избирачкиот список ставен на јавен увид и кои ги исполнуваат законските услови да бидат внесени во истиот.

2. Се задолжува Секторот за Избирачки список при обработката на барањата за запишување, дополнување или бришење на податоци во посебните изводи од Избирачкиот список да постапува согласно ова Упатство.

3. Ова упатство влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави на веб страната на Државната изборна комисија.

**Бр. 07-781/1**

**07.03. 2014 година**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

Никола Рилкоски